Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола
sovetzavolonterstvobt@gmail.com
www.facebook.com/sovetzavolonterstvobitola

Бр.41-113/01
28.03.2025 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната конститутивна седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Конститутивната седница се одржа на 28.03.2025 (петок) со почеток во 12:30 ч.

На седницата беа присутни 8 членови на ЛСВ (прилог список  за присуство на 7 члена, еден член беше онлајн)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Претставување на членовите на ЛСВ
2. Запознавање со Деловодникот за работа
3. Избор на Претседател и заменик Претседател на ЛСВ
4. Јавен повик за поддршка на волонтерски акции 2025
5. Тековни прашања

Според деловодникот за работа до избор на нов престедател, состанокот го водеше најстариот член на ЛСВ, кој го прочита дневниот ред и ги запраша членовите дали се согласуваат со истиот и дали некој сака да додаде и дополни нешто. Откако беше усвоен дневниот ред со 7 гласа ЗА се премина на првата точка.

**По однос на првата точка**, сите присутни членови на ЛСВ се претставија .

Во однос на **втората  точка**, членот на ЛСВ Златко Талевски ги запозна останатите членови со Деловникот за работа, дека тој е основен документ за работа на ЛСВ, ги запозна членовите дека ЛСВ има социјални страни, како facebook i Instagram и од како ќе се избере нов претседател и заменик претседател, нив ќе им биде даден пристап да раководат со истите. Исто така објасни и кои надлежности ги има советот, дека неговата улога е советодавна. Потоа ги објасни правата и должностите на членовите, правата и должностите на  претседателот на советот и заменик претседателот. Свикувањето на седниците го врши претседателот, присуството на седниците може да биде со физичко присусво и онлајн. Седниците ги свикува претседателот на советот со претходна покана на членовите и предлог дневниот ред најмалку два дена пред седницата.  Записниците ги води лице вработено во Општината и записниците се чуваат во архивата на Општината. Според член 15 од деловодникот, на конститутивната седница се избира претседател и заменик претседател на советот.

Во однос на **третата точка** за предлог за претседател и заменик претседател на советот, од страна на член на ЛСВ за претседател беше предложен членот на ЛСВ Александар Јаневски, за заменик претседател исто така од страна на член на ЛСВ беше предложен член на ЛСВ Филип Етмишковски. По извршеното гласање, со 7 гласа ЗА и еден воздржан беше избран новиот претседател на ЛСВ – Александар Јаневски, со 8 гласа ЗА беше избран и заменик претседател на ЛСВ – Филип Етмишковски.
Следуваше обраќање на новиот претседател, кој го запраша претходниот претседател на ЛСВ Златко Талевски дали постои годишна програма за 2025 година. Златко Талевски му рече дека не е изготвена и дека на наредниот состанок на ЛСВ потребно е истата да се изработи програма. Од страна на претходниот претседател беше објаснето дека постои извешај за работа за 2024 година и исиот е потребно да се испрати на седница на совет, и дека новиот претседател треба да присуствува на комисија на совет за да ја образложи истата. Претседателот Алексндар Јаневски им распредели на членовите одредени задолженија, се разговараше за просториите во кои би се одвивале состаноците, да си изработи календар на активности и сл.

Во однос на **четвртата точка** за јавниот повик за поддршка на волонтерските акции за 2025 година претходниот претседател на ЛСВ Златко Талевски ги информираше членовите дека јавниот повик е во тек и по неговото завршување потребно е да се состанат членовите и да ги разгледат апликациите и врз основа на оцени од страна на членовите да се одлучи кои апликации ќе добијат средства.

Во однос на **петтата точка,** тековни прашања од страна на членовите беше предложено да се разгледа можноста за во иднина да се зголеми буџетот за јавниот повик за поддршка на волонтерските акции, да се изработи календар на активности на ЛСВ.

| | |
|---|---|
| Записничар: | Претседател на ЛСВ: |
| Наталија Стојковска | Александар Јаневски |